**(Образец согласно член 120 став 1 од Законот за здравствена заштита)**

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 03-670/1
14. 09. 2016 година

**Согласно член 120став 1 од Закон за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 195/15, 17/16, 37/16), СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, објавува**

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за едукатори за спроведување на пробна работа на здравствените работници со високо образование

Согласно член 120 став 1 од Закон за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 195/15, 17/16, 37/16) и член 8 од Правилникот за критериуми бр.01-18 од 27.06.2005 година, Стоматолошката комора на Република Македонија определува едукатори за спроведување на пробна работа, кои се со високо образование од областа на стоматологијата и со работно искуство во соодветната област /специјализацијата кои ќе вршат надзор врз спроведување на пробната работа на здравствените работници со високо образование. Поради извршување надзор врз спроведување на пробната работа на здравствените работници со високо образование, Стоматолошката комора распишува оглас за едукатори - доктори на стоматологија.

Документацијата која заинтересираните доктори треба да ја достават како доказ за исполнување на законски утврдените услови за избор на едукатори се:

1. **Пријава (образец кој може да се најде на интернет страницата на Комората);**
2. **Доказ за седум години искуство во стоматолошката дејност од добивањето на лиценцата за работа;**
3. **Доказ за заснован работен однос на неопределено време во здравствена установа или образовна инситуција од областа на стоматологијата;**
4. **Сертификати за континуирана стоматолошка едукација.**

Заинтересираните Потребната документација заедно со пријава од кандидатите треба да се достават во архивата на Стручната служба на Стоматолошка комора на Македонија на адреса **ул. Антон Попов бр. 1-4/5**, **Кисела Вода, Скопје**, **најдоцна до 16:00 часот на 29.09. 2016 година**.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**